Точка на дневен ред: **13**
Предлагач: **Надзорен одбор**

## Материјал за Годишно собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје

## Предлог - одлука за назначување друштво за ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје за 2023 година

Надзорниот одбор на НЛБ Банка му предлага на Собранието на акционери на НЛБ Банка АД Скопје да ја усвои следната:

**Одлука за назначување друштво за ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје за 2023 година**

Во прилог:
– Предлог - одлука за назначување друштво за ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје за 2023 година.

Скопје, мај 2023 година

## Годишно собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје

## Предлог-одлука за назначување друштво за ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје за 2023 година

Врз основа на член 39, став 1 точка 9 од Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, Собранието на НЛБ Банка ја донесе следната:

## Одлука за назначување друштво за ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје за 2023 година

1. Се назначува друштво за вршење ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје во согласност со регулативата на Народната банка на Република Северна Македонија, финансиските извештаи во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување и ревизија на известувачкиот пакет за потребата за консолидација на НЛБ Групацијата за 2023 година, да биде групацискиот ревизор на НЛБ Групацијата кој е избран од страна на НЛБ д.д. – Друштво за ревизија КПМГ Ревизија ДОО Скопје.

2. Одлуката стапува во сила на денот на донесување.

Во Скопје, 31.05.2023 година

Одлуката да се достави до:
Секретаријат
Служба за финансиско сметководство
и финансиска оператива

Претседавач
на Годишното собрание на акционери
на НЛБ Банка АД Скопје

**Образложение**

Во согласност со насоките од НЛБ д.д. Љубљана за ревизија на финансиските извештаи на членките на НЛБ Групацијата, за ревизор на НЛБ Групацијата за 2023 година е избрано Друштвото за ревизија КПМГ.

Избраното друштво за ревизија треба да врши ревизија на финансиските извештаи на членките на НЛБ Групацијата, за деловните години 2023-2026, со исклучок на членките кои поради законски барања мора да извршат избор на друго друштво за ревизија или доколку членката има други правни ограничувања при избор на друштво за ревизија.

Со оглед на тоа дека не постојат законски и правни ограничувања, се предлага, ревизор на финансиските извештаи:
- во согласност со регулативата на Народна Банка на Република Северна Македонија;
- во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување, и
- известувачкиот пакет за потребата за консолидација на НЛБ Групацијата

за 2023 година да биде групацискиот ревизор избран од страна на НЛБ д.д. – Друштвото за ревизија КПМГ Ревизија ДОО Скопје.